

## Крсте Петков Мисирков

*12. VIII 23.*

С. Постол (сега) во моето детство беше чифлик на двајца турски бегови и еден Евреин милионер Саул Модијано.

Постолското земјиште по својата големина беше второ во целата Пазарска (Еницевардарска) кааза и му отстапуваше само, колку што можам да си спомнам, на земјиштето на с. Ќ̌ариотица, за коешто не знам точно дали беше во Сланицата или во Полето. Поскоро ќе да е првото. Земјиштето на гр. Пазар, како и на сите други села од околијата, како што реков, му отстапуваа по големината на постолското. Тоа се состои од кăр (повеќето) и од поле (помалцето). Во него влегуваше и дел од блатото (езерото) до реката што се викаше Постолското Блато. Тоа блато (езерото) се викаше уште и Големото Блато, за разлика од Малото Блато што го составуваше горниот, т.е. северниот крај на Постолското Поле, и на исток преминува на земјиштето на с. Долната Маала или Долно Куфалово.

Границата на постолското земјиште, кога ќе почнеме од реката сред Големото Блато (Паз. Езеро), оди вака: на југ од реката, на исток тоа граничи со Зорбовското Блато и Поле, со земјиштето на с. Дол-

[34] Статијата под истиот наслов е објавена во в. „Илиндень", III, 23, 26. VIII 1923, 2.

ОДБРАНИ СТРАНИЦИ 485

но, Средно, Горно Куфалово, Ливадица, на север со земјиштето на с. Грубевци, на запад со оние на с. Аларе, Чаушлија и Ќиркалово, а коешто граничи и во Блатото (Големото) до реката. Од покажанава граница се гледа дека земјиштето на с. Постол има поголема должина од север на југ, отколку од исток на запад. Од селата соседни на Постол само Зорбата, Ланчево и Ќиркалово, коишто се наоѓаат крај езерото, се полски, сите други се кăрски, следствено и Постол е предимно кăрско село. Тоа се гледа не само од преовладувањето на карот над полето во земјиштето на Постол, но и од носијата и говорот на Постол. За обичаите не можам да кажам ништо, зашто, колку што ми е познато, во нив нема и никакви разлики помеѓу кăрските и полските села.

Сите површини или само арната земја на с. Постол се определува на 48 или 54.000 полиња (дулуми), не помнам добро, и исто така приближно можам да кажам дека од северната граница на постолскиот терен до реката имаше три часа пат, т.е. околу 15 километри, а од исток на запад околу два часа пат, т.е. околу 10 километри.

Во секој случај атарот е многу голем и тој би можел да исхрани три или четири села како Постол, што тогаш имаше 60—70 населени куќи. Порано навистина имало барем уште две села на постолското земјиште што кон крајот на XVIII в. почнале да опаѓаат и во првата половина на XIX в. наполно загинале. Едното било на источната граница на постолското земјиште, крај самиот друм (Via Egnatia) и го носело името Сасалија, а другото било во полето меѓу Малото и Големото Блато, поблизу до првото, и го носело името Новото Село. Причината за нивното загинување се турските зулуми на крџалиите и даалиите. Второто, за чие потекло имаше спомени од приказните на баба ми Иванка (сестра на дедо ми), како да било тоа основано од избегани соселани и селани од други села, свршило со изгорувањето од турски крџалии. Благодарејќи на турски грабежи, било разорено и се растурило и селото Чауш-

лија, во коешто се зачувал само конакот на владетелот и неколку цигански куќи.

Втората причина поради која постолскиот терен, особено неговата северна половина, нема барем уште едно село, е отсуството на натпочвена вода и затоа чудната и тврда плодородна (длабока) црна земја таму си останува само за пасишта наместо да биде исползувана за земјоделство и лозарство.

Две третини од целото постолско земјиште е кǎр, т.е. ридеста, нерамна земја, избраздена ту со подлабоки, ту со потесни, ту со поплитки долишта и со слаб наклон кон југ. На север и особено на северозапад површината има подив (суров) и величествен изглед, а на југ, особено под селото, таа незабележливо се слева со Малото Блато и со Полето.

Постол е сиромашен со шума. Одвај на крајниот север на неговата граница има малечка шумичка, наречена „Куријата“, која, постојано исечувана, наместо дрва (дабови), одвај им дава на селаните „шумки“, т.е. дабови гранки. Наместо дрва затоа селаните повеќе се служат со ќутуци од ископачените стари лозја, со исушени лајна, со шумата од царевката и со „кркова“ особена трева што ја има во полето, за фурните за печење леб.

Северната половина од земјиштето на Постол останува речиси неискористена, ако не се земат предвид малкуте „шумки“ што се донесуваат од таму, пасењето на работниот добиток во 1—2 месеци лете, кога се собираат 10—15 души селани и заедно со својот добиток ноќуваат во Кǎрот. Нивите се мошне ретки и ретко се оддалечени на север од селото повеќе од 1 час. Причината за тоа, освен немањето вода, е уште и опасноста за животот и добитокот: ќе те нападне некој Турчин, ќе те убие и ќе ти го отера добитокот без да забележи некој.

Сосем друго нешто е јужниот, источниот и западниот дел од постолското земјиште. Тука сè се гледа од самото село. Тука има и повеќе патишта, по-